Влада на Република Северна Македонија

Министерство за економија

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 13-5607/1
15 -11- 2019 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за угостителската дејност |
| Одговорно лице и контакт информации: | Беким Хаџиу, раководител на Сектор за туризам и угостителство<br>Тел. 02/3 093 540 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒Друго: донесен нов Закон за прекршоците |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Ноември 2019 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Ноември 2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Во Република Северна Македонија општиот закон со кој се уредува прекршочната политика е Законот за прекршоците.

Во мај 2019 година беше донесен нов Закон за прекршоците ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), со кој се определуваат општите услови за пропишување на прекршоците, и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции и се пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите и прекршочните органи.

Врз основа на општите одредби во Законот за прекршоци, понатаму во посебните материјални закони од различни области се пропишуваат прекршочни санкции во посебни прекршочни одредби. Во Законот за угостителската дејност се пропишани прекршочните санкции за правни и физички лица кои не постапуваат согласно одредбите на тој закон.

### *1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

По стапувањето на сила на новиот Закон за прекршоците во преодните одредби беше утврдено дека во рок од шест месеци треба со него да се усогласат и сите материјални закони кои во себе содржат и прекршочни одредби. Следствено се јави потребата да се извршат измени на одредбите со кои се уредуваат прекршоците утврдени во Законот за угостителската дејност со што пропишаните глоби ќе бидат во рамките на предвидените граници утврдени со новиот Закон за прекршоците.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целите кои се очекува да бидат постигнати со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност се хармонизација на правниот систем, односно потполна усогласеност на Законот за угостителската дејност со националната прекршочна политика утврдена во Законот за прекршоците.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Ова решение значи да не се донесе предложениот закон и е неприфатлива опција, бидејќи со нејзиното одбирање нема да се постигне горенаведената цел.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Да се донесе Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност*

Со донесувањето на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, износите на пропишаните глоби ќе биде во согласност со новата национална прекршочна политика. Имено, земајќи ги како база претходно утврдените висини на глобите за поединечните прекршочни дела со Законот за угостителската дејност, ќе биде извршена сразмерна диверзификација и намалување на глобите во однос на тоа дали се работи за правно лице кое е микро, мал, среден или голем трговец. Распонот на глобите е изразен во рамките на предвидената можност за изрекување на општите глоби согласно Законот за прекршоците.

Истовремено, глобите кои се изрекуваат за физичките лица, одговорните лица во правните лица и службените лица, се намалуваат за да бидат во согласност со лимитот воспоставен со Законот за прекршоците, а во пропорционален однос со пропишаните глоби за правните лица. Со намалувањето на висината на глобите, се цели кон правичност и поттикнување на исплатата на глобите, наместо нејзино избегнување.

Во согласност со Законот за прекршоците, се врши и усогласување со општите правила за воспоставување на надлежност за водење на прекршочната постапка од страна на прекршочна комисија или суд.

4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Пропорционалната казнена политика ќе овозможи обезбедување на спроведувањето на материјалниот закон и овозможување на наплатата на глоби во случај на сторување на прекршок.

*4.2 Фискални влијанија*

Позитивно влијание со овозможување на поголема наплата.

*4.3 Социјални влијанија*

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Во текот на анализата не се утврдени значителни влијанија во оваа област.

5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност ќе биде ставен на увид на ЕНЕР каде ќе можат засегнатите страни да

дадат свој коментар, а исто така Предлог на законот ќе биде и официјално даден на мислење до Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислењата на засегнати страни ќе бидат разгледани и земени во предвид во подоцнежна фаза од проценката на влијанието на регулативата.

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Мислењата на засегнати страни ќе бидат разгледани и земени во предвид во подоцнежна фаза од проценката на влијанието на регулативата

6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Има позитивно влијание бидејќи ќе се постигне хармонизација на правниот систем, односно потполна усогласеност на Законот за угостителската дејност со националната прекршочна политика утврдена во Закон за прекршоци. Со сразмерното утврдување на износот на глобата, ќе се овозможи правична наплата, додека истовремено се обезбедува превентивниот ефект на казните.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Не постојат ризици

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Да се донесе предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност кој има позитивно влијание бидејќи ќе се постигне хармонизација на правниот систем, односно потполна усогласеност на Законот за угостителската дејност со Законот за прекршоци и воедначеност во националната прекршочна политика. Со тоа ќе се овозможи ефективно изрекување на глобите, водење на прекршочната постапка и нивната наплата. Покрај тоа, со сразмерното утврдување на износот на глобата, ќе се овозможи правична наплата, додека истовремено ќе се задржи казнениот ефект на прекршочните глоби.

7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Со донесување на предметниот закон, нема да се предизвика потреба од менување на други закони.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Од измените и дополнувањата на Законот не произлегува донесување на подзаконски акти

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за економија.

Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Надлежните органи за спроведување на законот ќе ги преземат потребните активности за целосна имплементација на предметните решенија.

8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Министерството за економија и Државниот пазарен инспекторат ќе го следат спроведувањето на законот преку преземање на сите соодветни активности во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од предложеното законско решение како и водење на потребната евиденција согласно Законот за прекршоци.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Индикатори:

- анализа на бројот на изречени глоби,
- анализа на траењето на прекршочните постапки,
- анализа на наплатата на изречените глоби.

Овие индикатори ќе се мерат со годишните извештаи на Државниот пазарен инспекторат.

Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

Датум:
.............................. 15 -11- 2019

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
**Зоран Павловски**

Изработил/Përpiloi: Сунај Јакупов
Контролирал/Kontrolloi: Беким Хаџиу
Одобрил/ Aprovoi: Шовкет Хазари